РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| **Период кој се известува: 2020 година**<br><br>**Вкупен буџет:22.982.000**<br><br>**Број на вработени: 21 вработен на неопределено време и 3 вработени на определено време**<br><br>**www.dkip.mk** | **Одговорно лице:**<br>**Име и презиме: Елизабета Русеска**<br><br>**Звање: Претседател**<br><br>**E-mail:drzavnakomisija@gmail.com**<br><br>**Телефон:070/707-633** |

**Содржина:**


1. **Резиме**
2. **Вовед**
3. **Статус, раководство, надлежност и организациона структура**
4. **Реализирани активности произлезени од законските надлежности, план за работа и стратешки план**
5. **Активности за подобрување на квалитетот во работењето**
6. **Соработка со други институции и меѓународна соработка**
7. **Буџет, завршна сметка и финансирање**
8. **Заклучоци**
9. **Препораки**
10 **Заклучок**
11. **Прилози**


## 1. Резиме

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е самостоен државен орган со својство на правно лице која е основана со Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (,,Сл.весник на Република Македонија” бр.130/2014...11/2018).

Во овој извештај Државната комисија ќе ја опфати надлежноста, ограницаската структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во 2020 година, по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка, како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка.

Имено во 2020 година во Државната комисија примени се вкупно 2.422 предмети од кои 504 предмети се од областа на инспекцискиот надзор и 1.918 предмети од областа на прекршочната постапка.

Во 2020 година има 2.355 предмети пренесени од претходните години (2015 година, 2016 година, 2017 година, 2018 година и 2019 година), за решавање во 2020 година, што споредбено со 2019 година кога од претходните години биле пренесени вкупно 2.646 предмети укажува на благо намалување на бројот на пренесени предмети што пак е показател дека комисијата ефикасно работела во извештајниот период и покрај тоа што во текот на истиот период се намалил бројот на извршителите во комисијата.

Во 2020 година Државната комисија се впушти во решавање на пренесените предмети но паралелно решаваше и предмети примени во текот на 2020 година, па така од вкупно 4.777 предмети за решавање, во текот на 2020 година беа решени 2.797 предмети, од кои 943 предмети примени во 2020 година, 1.710 предмети пренесени од претходните години и 144 предмети решила по пресуди на Управниот суд.

Од презентираните бројки за вкупниот број на  примени 2.422 предмети и вкупниот број на решени предмети во 2020 година 2.797 предмети, произлегува дека Државната комисија и со намален број на извршители вкупно 4 кои во текот на извештајниот период ја напуштиле комисијата и заминале на работа во други органи како и покрај состојбата со ковид пандемијата кога 5 вработени во комисијата ги користеа мерките на Валадата на Република Северна Македонија, за заштита од корона вирусот, додека останатите вработени во одредени периоди од годината работеа во смени, успеала да ја зголеми својата ефикасност и решила поголем број на предмети од бројот на примени предмети во извештајниот период, односно решила 375 предмети повеќе од вкупно примените предмети во 2020 година.

## 2. Вовед

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во понатамошниот текст: Државна комисија) е самостоен државен орган, кој има својство на правно лице и претставува контролор на работата на извршната власт со што овозможува владеење на правото и функционирање на правната држава.

Во текот на 2020 година Државната комисија беше насочена пред се кон решавање на предметите кои беа пренесени од претходните години и беа во голем број поради постојан одлив на кадри од Државната комисија поради непознатиот статус на комисијата.

Паралелно со решавање на пренесените предмети Државната комисија решаваше и предмети примени во тековната 2020 година. Па така од вкупно 4.777 предмети Државната комисија до крајот на извештајниот период реши 2.797 предмети или 59% од вкупниот број на примени и пренесени предмети.

### 2.1. Мисија

Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна, ефикасна и ефективна заштита на правата на сите субјекти во постапката по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е

пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка.

## 2.2. Визија

Давање на придонес во подобрувањето на целокупниот систем на инспекциски постапки и прекршоци, преку квалитетна, ефикасна, ефективна и транспарентна работа.

## 3. Статус, раководство,надлежност и организациона структура

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија и истите се избираат за период од пет години со право на повторен избор. Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик-претседател.

Моменталниот состав на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е избран од страна на Собранието на Република Северна Македонија со Одлука за избор на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.08-4999/1 од 29.08.2018 година.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во моментов е надлежна за решавање само по жалби против решенијата донесени во прв степен во инспекциската постапка од причина што согласно Законот за прекршоците (Сл.весник на РСМ бр.96/2019) надлежноста на Државната комисија за одлучување по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочната постапка беше до 31.12.2020 година.

Начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работата и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.02-457/1 од 21.12.2018 година и Дополнување на Деловникот Бр.02-5/1 од 10.01.2019 година.

Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба се применуваат одредбите од законот со кој се регулираат правата и обврските на административните службеници.

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија бр.0101-76 од 31.07.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-77/2 од 24.12.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на

правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37 од 25.01.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/2 од 11.02.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/3 од 09.06.2016 година и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-410/2 од 07.12.2018 година.

Со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начините и форми на раководење со делокруг на работа, раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на стручната служба е уредена согласно надлежностите на Државната комисија во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната Комисија.

Внатрешната организација на стручната служба се заснова на начелата на:

-Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;

-Насоченост кон корисниците на услугите;

-Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;

-Делегирање на овластувањата и

-Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално финансиски, инвестициски, стручно-административни и други работи во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

1.Сектор за инспекциски надзор;
2.Сектор за прекршоци;
3.Сектор за стручно-административни прашања;
4.Посебна организациона единица-Одделение за финансиски прашања и
5.Посебна организацона единица-Одделение за човечки ресурси.

## 3.1. Состав на Државната комисија заклучно со 31.12.2020 година

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| -Заменик Претседател на Државната | 1 |

комисија
-Член на Државната комисија 5
**-Вкупно 7**

## 3.2. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2020 година

Со Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија бр.0101-77 од 31.07.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-77/2 од 24.12.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37 од 25.01.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/2 од 11.02.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/3 од 09.06.2016 година и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-410/2 од 07.12.2018 година се предвидени вкупно 77 извршители, ситематизирани во 74 работни места, нивниот распоред, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, а распоредени се на следниот начин и тоа:

| **Ниво на работни места** | **Звање** | **Систематизирани работни места** |
|---|---|---|
| А02 | Генарален секретар | 1 |
| Б01 | Државен советник | 2 |
| Б02 | Раководител на сектор | 3 |
| Б03 | Помошник раководител на сектор | 3 |
| Б04 | Раководител на одделение | 13 |
| В01 | Советник | 17 |
| В02 | Виш соработник | 9 |
| В03 | Соработник | 9 |
| В04 | Помлад соработник | 11 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 |
| Г02 | Виш референт | 1 |
| Г03 | Референт | 1 |
| Г04 | Помлад референт | 3 |

Во Правилникот се утврдени и опишани и вкупно 3 (три) работни места на помошно-техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Работните места се распоредени на следниот начин:
(други помошно – технички лица) (превоз на лица и опрема)
-Ниво А3 – Возач (1 )
-Ниво А3 – Курир (1)
-Ниво А3 – Хигиеничар (1).

**Административни службеници вработени на неопределено време:**

| | |
|---|---|
| - Државен советник | 1 |
| - Раководител на одделение | 1 |
| - Советник | 10 |
| -Помлад соработник | 6 |
| -Самостоен референт | 1 |
| -Виш референт | 1 |
| -Референт | 0 |
| -Помлад референт | 1 |
| **-Вкупно** | **21** |

**Вработени со договор за вработување на определено работно време до 31.12.2020 заради привремено зголемен обем на работа:**

| | |
|---|---|
| - Соработник | 2 |
| -Возач | 1 |
| **-Вкупно** | **3** |

Меѓутоа од наведените 21 административен службеник, 1 административен службеник со звање-советник, преку Спогодба за превземање Бр.04-35 од 31.01.2020 година, беше превземен од страна на Инспекторатот за употреба на јазиците, додека на друг административен службеник работниот однос во Државната комисија му престана по сила на закон со Решение 04-202 од 03.12.2020 година.

Од вкупно 21 административен службеник и 3 вработени на определено време во Државната комисија со завршено високо образование се 20 вработени од кои 18 административни службеници и 2 се вработени на определено време и со средно образование се 4 вработени од кои 3 се административни службеници и 1 е вработен на определено време.

Во однос на половата застапеност во Државната комисија се вработени 11 мажи и 13 жени од кои на возраст од 25-29 години нема вработени, на возраст од 30-34 години се десет (10) вработени, на возраст од 35–40 години се осум (8) вработени, на возраст од 40-44 години е еден (1) вработен, на возраст од 45-49 години – се двајца (2) вработени, од 50-54 години- е еден (1), на возраст од 55-59 години се еден (1) вработен и на возраст од 60-64 е еден (1) вработен.

Во однос на правичната застапеност во Државната комисија се вработени 19 македонци, 1 албанец, 1 ром, 1 турчин, 1 влав и 1 вработен од други националности.

## 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности

Покрај активностите кои произлегуваат од законските надлежности на Државната комисија-решавање на предмети по изјавени жалби чиј вкупен број е прикажан во прилогот на годишниот извештај за работата на Државната комисија, во текот на 2020 година Државната комисија превзема и повеќе активности во однос на завземање на ставови при постапувањето на инспекциските служби, односно усогласување на работењето согласно Законот за инспекциски надзор и за таа цел оствари средби со повеќе органи.

## 5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето

Државната комисија во континуитет е насочена кон подобрување на квалитетот во работењето усогласувајќи го со финансиските можности предвидени со буџетот на Државната комисија за 2020 година.

Имено до 2020 година во Државната комисија не е извршена ревизија на нејзиното работење.

Претседателот, членовите и раководните административни службеници, редовно одржуваат колегиуми и работни состаноци на кои се усогласуваат ставовите во однос на предметите по изјавени жалби од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, како и се разгледуваат ставовите на Управниот суд и Вишиот управен суд во однос на донесените одлуки.

Државната комисија, постојано работи на својата транспарентност, има своја веб страна, има објавена листа на информациии од јавен карактер и овластените лица за давање информации од јавен карактер.

## 6. Соработка со други институции и меѓународна соработка

Во текот на 2020 година Државната комисија оставри соработка со прекршочните органи на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Царинската управа на Република Северна Македонија, пред се поради напорите да се издејствува измена на Законот за прекршоците но исто така оствари средба и со Инспекцискиот совет и Управниот суд и др. во насока на усогласување на ставови за постапување.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Државната комисија се финансира од буџетот на Република Северна Македонија кој во 2020 година изнесуваше 22.982.000,00 денари.

Во табеларниот преглед прикажан е буџетот за 2020 година по ставки, како и завршната сметка на Државната комисија за 2020 година.

| | **Буџет 2020** | **Завршна сметка 2020** |
|---|---|---|
| **401 – Основни плати** | **13.585.000.00** | **12.795.679.00** |
| **402 – Придонеси за социјално осигурување** | **5.142.000.00** | **4.976.814.00** |
| **404 - Надоместоци** | **200.000,00** | **188.764.00** |
| **420 – Патни и дневни расходи** | **230.000.00** | **133.184.00** |
| **421 –Комунални услуги, греење** | **1.125.000.00** | **895.593.00** |
| **423 – Материјали и ситен инвентар** | **200.000.00** | **198.783.00** |
| **424 – Поправки и тековни одржувања** | **600.000.00** | **394.652.00** |
| **425 – Договорни услуги** | **1.400,000.00** | **1.221.959.00** |
| **426 – Други тековни расходи** | **143.711.00** | **138.869.00** |
| **464 – Разни трансфери** | **100.000.00** | **4.799.00** |
| **465 - Исплати по извршни исправи** | **156.289.00** | **155.530.00** |
| **480 – Купување на опрема и машини** | **100.000.00** | **31.980.00** |
| **Вкупно** | **22.982.000.00** | **21.136.606.00** |

## 8.Заклучоци

Нерешеното прашање, односно непознатиот статус на комисијата доведе да во текот на извештајниот период има одлив на кадри од комисијата што пак се одрази врз капацитетот на работењето на комисијата во нејзиното постапување по изјавените жалби во законски определените рокови.

Исто така и пандемијата со ковид 19 негативно се одрази врз работењето на комисијата од причина што 5 вработени по различни основи ги користеа мерките на Валадата на Република Северна Македонија и не одеа на работа целиот период за времетраење на мерките, додека остатанатите вработени во комисијата во одредени периоди од годината одеа на работа во смени.

Во 2020 година, од претходните години биле пренесени вкупно 2.355 предмети што споредбено со 2019 година е во благо опаѓање бројот на пренесените предмети што пак укажува на ефикасно работење на комисијата.

И покрај големиот број на пренесени нерешените предмети од претходините години, Државната комисија од вкупно примени и пренесени 4.777 предмети, во текот на 2020 година решила 2.159 предмети од областа на прекршоците, 494 предмети од областа на инспекцискиот надзор и исто така решила и 144 предмети по пресуди на Управниот суд, односно решила вкупно 2.797 предмети или 59% од вкупниот број на примени и пренесени предмети, а 100% од предметите примени во тековната 2020 година, што укажува на ефикасно и ефективно работење на комисијата во текот на извештајниот период.

Притоа треба да го имаме во предвид и фактот дека иако на почетотокот на 2020 година Државната комисија имаше вработено 21 административен службеник на неопределено време и 3 вработени на определено време од кои 2 до 31.12.2020 година и 1 вработен на определено време до 30.06.2020 година, сепак до крајот на извештајниот период, бројот на вработените во Државната комисија се намали бидејќи едно лице вработено како административен службеник со Спогодба за превземање Бр.04-35 од 31.01.2020 година, беше превземено од Инспекторатот за употреба на јазиците, додека на друго лице исто така административен службеник работниот однос му престана по сила на закон врз основа на Решение бр.04-202 од 03.12.2020 година, додека лицата кои беа вработени на определено време до 31.12.2020 година исто така го раскинаа Договорот за вработување пред истекот на временскиот период за кој истиот беше склучен. Поради наведеното до крајот на 2020 година Државната комисија функционираше со само 19 административни службеници во стручната служба како и Претседател и 6 члена на комисијата и користеше само 15 канцеларии.

Од наведеното произлегува дека Државната комисија и покрај напорите за екипирање на стручната служба во извештајниот период не успеала да обезбеди ниту едно вработување на неопределено време напротив се соочила со одлив на кадри, но и покрај тоа сепак комисијата успела ефикасно да работи и да реши поголем бој на предмети од бројот на примени предмети во тековната година.

## 9.Препораки

За да може Државната комисија да продолжи успешно да работи и во наредниот период потребно е најпрвин да  го реши своето статусно прашање па потоа да ги зајакне ресурсите, како персонални персоналните така и просторни.

Во соработка со првостепените органи и другите надлежни институции Државната комисија ќе продолжи да остарува средби со цел завземање на ставови за постапување согласно Закон за инспекциски надзор, усогласување во постапувањето на инспекторите како и ќе превземе активности за отстранување на воочените недостатоци во материјалните закони.

**11. Прилози**

**- Статистичка анализа на предметите во Државната комисија**

**- Завршна сметка**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**